ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ХИДРО ГРУП ДООЕЛ извоз-увоз Велес – во стечај, на ден 03.11.2025 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Одлуката донесена на седница на Одбор на доверители одржана на ден 31.10.2025 година со која се поништува проценката од овластен проценител Друштво за процена РАЦИО ГРУП Дооел Куманово бр 03-144/2 од 04.06.2025 година, се поништува прва јавна електронска лицитација одржана на ден 11.09.2025 година и се задолжува Доверителот АД ИНСА Индустрија Сатова Београд да ги сноси и авансира сите трошоци потребни за водење на постапка за ангажирање на проценител кој ќе изврши проценка на Пакет 1, а во ситуација да биде зголемена вредноста да ги сноси трошоците за дополнително осигурување на зголемената вредност на Пакет бр. 1 се поништува.

## О б р а з л о ж е н и е

Со Решение на овој суд СТ.бр.17/2024 од 03.03.2025 година отворена е стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ХИДРО ГРУП ДООЕЛ извоз-увоз Велес – во стечај.

Заради утврдување на проценетата вредност на имотот на должникот, стечајниот управник објавил јавен оглас во дневен весник Вечер од 21.03.2025 година во кој побарал заради вршење на проценка да бидат доставени понуди на неговата адреса во рок од 5 дена од објавувањето.

На ден 11.04.2025 година одржана е втора седница на одбор на доверители на должникот, на која едногласно од сите членови е донесена одлука со која е прифатена понудата за изготвување на процена од прценител Друштво за процена и сметководствени услуги РАЦИО ГРУП ДООЕЛ Куманово.

На ден 11.06.2025 година стечајниот управник до судот достави извештај за еконоско финансиската состојба на должникот со прилози помеѓу кои и процена на вредност на залихи складирани во магацин на трето лице сопственост на должникот изготвена од овластениот проценител Друштво за процена и сметководствени услуги РАЦИО ГРУП ДООЕЛ Куманово, со број 03-144/2 од 04.06.2025 година и извештај за процена на вредност на деловна зграда со дворно место построена на КП 15051/23 за КО Велес изготвена од овластениот проценител Друштво за процена и сметководствени услуги РАЦИО ГРУП ДООЕЛ Куманово, со број 03-144/1 од 04.06.2025 година.

Во извештајот за економско финансиската состојба на должникот е наведена проценетата вредност на залиха согласно процената изготвена од овластениот проценител во износ од 4.046.832,00 денари.

Со оглас-известување од стечајниот управник од 09.06.2025 година, објавено на огласна табла и веб сајтот на Основен суд Велес и во дневен весник Вечер на ден 14 и 15 јуни 2025 година, доверителите се известени дека извештајот за економско финансиската состојба на должникот е депониран во стечајното досие на Основен суд Велес СТ бр.17/24.

На ден 07.07.2025 година одржано е Извештајното Собрание на доверители на кое присутните доверители кои се и членови на одборот на доверители едногласно донесоа одлука со која го усвоија извештајот за еконоско финансиска состојба на стечајниот управник, одлучија деловниот потфат на должникот да се ликвидира и го овластија стечајниот управник и одборот на доверители да ја спроведе постапката за впаричување на имотот.

Истиот ден, по завршување на извештајното собрание се одржа и седница на одборот на доверители на која стечајниот управник помеѓу другото предложи да залихите на должникот се продаваат како еден пакет за што побара од одборот да донесе одлука за електронска продажба која да биде објавена како еден пакет по проценета вредност од

4.046.832,00 денари. Ваквиот предлог на стечајниот управник беше едногласно прифатен, по што се донесе одлука со која е овластен стечајниот управник да објави оглас за електронска продажба на имот на стечајниот должник – залифа на трговска стока во еден пакет.

Согласно чл. 98 ст. 1 од Законот за стечај, од страна на стечајниот управник е објавен оглас за продажба на имот - стечајна маса на должникот кој се состои од подвижни предмети опишани од реден број 1 до реден број 420 во Извештајот за проценка на залихи, објавен во дневен весник Вечер на ден 04.08.2025 година, а првата електронска продажба со јавно наддавање на имот-стечајна маса на должникот се одржа на ден 11.09.2025 година.

Стечајниот управник до судот на ден 19.09.2025 година достави предлог за свикување на Собрание на доверители по спроведена постапка на електронска продажба, со која го извести судот дека на одржаната електронска продажба со јавно наддавање е постигната највисока понуда за имотот предмет на продажба во износ од 2.063.900,00 денари што преставува 51 % од проценетата вредност, по што судот свика собрание на доверители и закажа седница на 08.10.2025 година.

На одржаната седница на Собранието на доверители на ден 08.10.2025 година, присутни беа доверители со побарувања од 27.17 % од вкупно утврдените побарувања и истите гласаа на следниот начин: Друштво за трнспорт, шпедиција и услуги ЛКВ Костовски ДООЕЛ с. Долно Каласлари Велес со 3.56 % утврдено побрување и АД ИНСА индустирја за саати Белград (Земун) со 15.92 % утврдено побарувања гласаа ПРОТИВ прифаќање на понудата, додека доверителот РСМ МФ УЈП РД Прилеп со утврдено побарување од 7.69 % побара рок од 15 дена за писмено произнесување. Со писмен поднесок примен во судот на ден 15.10.2025 година, доверителот РСМ МФ УЈП РД Прилеп се произнесе дека гласа ЗА прифаќање на понудата. При ваква состојба, а како 71.70 % од присутните доверители односно мнозинство од присутните доверители на собранието на доверители гласаа против прифаќање на понудата, се донесе одлука со која понудата не е прифатена.

Донесената одлука на собрание на доверители со која не се прифаќа понудата, судот да ја констатира со решение СТ бр. 17/24 од 15.10.2025 година.

Од претседателот на Одборот на доверители, доверителот АД ИНСА Индустрија Сатова Београд, преку полномошник адвокат Никола Арсовски од Скопје, свикана е седница со дневен ред разгледување на извештајот од вешто лице за состојба на побарувања на должникот од должниковите должници и разгледување на процена на вредност на залихи на стечајниот должник поднесена од овластен провценител Рацио Груп ДООЕЛ Куманово, која се одржа во Основен суд Велес на ден 31.10.2025 година во 13.00 часот.

На седницата присуствуваа сите членови на одборот, стечајниот упрваник и стечајниот судија, и на истата по првата точка од дневниот ред едногласно се донесе одлука да не се утужуваат побарувања спрема должниковите должници кои согласно вештачењето изготвено од ТП Ставрески - Велес вешто лице Јордан Ставрески од август 2025 година се застарени. По втората точка од дневниот ред, со мнозинство на гласови и тоа со гласовите на доверителите РСМ МФ УЈП РД Прилеп застапува од ДП на РСМ за подрачје Велес Дејан Трајчевски и Акционерско друштво ИНСА Индустрија за саати Белград (Земун) застапуван од адвокат Никола Арсовски од Скопје, се донесе одлука со која се поништува проценката од овластен проценител Друштво за процена РАЦИО ГРУП Дооел Куманово бр 03-144/2 од 04.06.2025 година, се поништува прва јавна електорнска лицитација одржана на ден 11.09.2025 година и се задолжува Доверителот АД ИНСА Индустрија Сатова Београд , да ги сноси и авансира сите трошоци потребни за водење на постапка за ангажирање на проценител кој ке изврши проценка на Пакет 1.

Имајќи го во предвид понапред наведеното судот одлучи како во изреката на ова решение од следните причини:

Согласно член 2 од Законот за процена ( Сл. Весник на РМ бр. 115/2010 со измени и дополнувања) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење: 1. Процена е процес на определување на цена, односно проценување на пазарната вредност на предметот на процена од овластен проценувач во случаите определени со

закон или по барање на заинтересирано лице - нарачател; 2. Ревизија на процена е вршење на проверка на веќе изготвена процена од овластен проценувач под услови и на начин предвидени со овој закон; 3. Овластен проценувач е трговец поединец или трговско друштво кое поседува лиценца за процена за определена област издадена од надлежен министер;4. Проценувач е лице кое има положено стручен испит за проценувач и е вработено кај овластен проценувач, во единица на локалната самоуправа на работи од област на процена на пазарна вредност на недвижен имот за пресметување на данок на имот, во банка или штедилница регистрирана во Република Македонија или во Бирото за судски вештачења; 5. Стручен испит за проценувач е испит кој се спроведува заради оценување на потребното стручно знаење за стекнување со уверение за проценувач од одредена област; 6. Лиценца за процена (во натамошниот текст: лиценца) е документ издаден од надлежниот министер од соодветното министерство со кој се потврдува дека овластениот проценувач ги исполнил условите за вршење на процена за определена област;.................

Согласно член 4 од истиот закон, (1) Процената на пазарната вредност на предметот на процена, според овој закон, се врши на начин пропишан со методологија, правила и стандарди за процена кои ги вклучуваат Европски стандарди за проценување на вредноста- ТЕГОВА и Меѓународни стандарди за проценување на вредноста-ИВСЦ, како и други закони со кои се регулира проценувањето на вредноста на различни форми на сопственост и прописите донесени врз основа на нив. (2) Проценувачот е должен процената да ја достави до нарачателот на процената во согласност со условите и роковите договорени од страна на нарачателот и проценителот. (3) Овластениот проценувач е должен по барање на нарачателот на процената, а во посебна постапка за утврдување на данок на промет, да достави извештај за процена на пазарната вредност на недвижноста и пресметка на аконтативен данок на промет, како и пополнета аконтативна даночна пријава за предметот на процена, во случај ако нарачателот на процената се определил за посебна постапка за утврдување на данок на промет согласно со Законот за даноците на имот. Оваа постапка за процена не може да трае повеќе од три работни дена. (4) Во случај од ставот (2) на овој член, проценувачот постапува во предвидениот рок само ако нарачателот на процената ги извршил сите уплати согласно со Законот за процена. (5) Процената важи една година сметано од денот на поднесувањето на извештајот за извршена процена.

Согласно член 39 од истиот закон, Комисијата за ревизија на процена се состои од пет члена и нивни заменици од кои претседателот и неговиот заменик го именува Управниот одбор на Комората од редот на своите членови, еден член и негов заменик на Комисијата се избира од членовите на Комората од соодветната област со ждрепка и тројца членови и нивни заменици именува надлежниот министер.

Согласно член 40 од истиот закон, (1) Процената изготвена од овластен проценувач може да биде оспорена со поднесување на барање за ревизија на процена до Комората во рок од осум дена од денот на приемот на процената, односно во рок не подголг од еден месец од денот на дознавање дека процената била предадена, поради: - непочитување на методологии и стандардите за процена, - злоупотреба на информации, - конфликт на интереси и - погрешно пресметан данок на промет во посебна постапка за утврдување на данок на промет согласно со Законот за данок на имот. (2) Барање за ревизија на процена може да поднесе нарачателот на процената и сопственикот на предметот на процена, а во посебна постапка за утврдување на данок на промет и надлежната единица на локална самоуправа. (3) Комисијата за ревизија во рок од три работни дена се произнесува по поднесеното барање со решение: - со кое констатира дека процената е извршена согласно со закон, методологии и стандарди за процена,
- со кое констатира дека процената, предмет на ревизија, била извршена спротивно на законските одредби, методологии и стандарди за процена, и утврдената проценета вредност отстапува во процент поголем од 10% од вистинската проценета вредност, со решението предметната процена ја става вон сила и дава насоки за изготвување на нова процена и истото веднаш го доставува до овластениот проценувач и - со кое констатира дека процената, предмет на ревизија, била извршена спротивно на законските одредби, методологии и стандарди за процена, и утврдената проценета вредност отстапува во процент до 10% од вистинската проценета со решението предметната процена ја става

вон сила и го задолжува овластениот проценувач во рок од еден работен ден да изврши корекција во проценетата вредност, и го доставува до овластениот проценувач. (4) Доколку оспорената процена била предмет на извршување во случаите од ставот (3) алинеи 2 и 3 на овој член, Комисијата за ревизија доставува известување до надлежниот извршител дека е донесено решение со кое предметната процена се става вон сила со насоки за изготвување на нова процена и со барање да се прекине со извршувањето на предметот на процена до изготвување на нова процена. (5) Во случај кога се утврдени повредите од ставот (1) на овој член, Комисијата поведува дисциплинска постапка. (6) Трошоците за ревизија на процената потребни за работа на комисијата и изготвување на материјали како и трошоците за изготвување на нова процена се на товар на лицето подносител на барањето за ревизија на процена, а во случајот од ставот (3) алинеја 2 на овој член трошоците се на товар на овластениот проценувач, како и трошоците за изготвување на нова процена. (7) Висината на трошоците за ревизија на процена ги утврдува Управниот одбор на Комората на проценувачи врз основа на реално потребните патни и дневни трошоци и материјалните трошоци.

Согласно чл. 11 од Законот за стечај, (1) Одлуките во стечајната постапка се донесуваат во форма на решение и заклучок. (2) Со заклучокот се издава налог на службено лице или на орган на стечајната постапка за вршење одделни дејства, а за сите други случаи судот одлучува со решение, ако со овој закон поинаку не е определено.

Согласно чл. 18 од Законот за стечај, Органи на стечајната постапка се: стечаен судија, стечаен управник, одбор на доверители и собрание на доверители.

Согласно чл. 19 ст. 4 од Законот за стечај, Стечајниот судија ја следи работата на одборот на доверители и на собранието на доверители.

Согласно чл. 38 од Законот за стечај, (1) Одборот на доверители е орган на доверителите кој во стечајна постапка се основа заради заштита на интересите на доверителите и ги извршува процесните дејствија кои согласно со овој закон е надлежен да ги извршува за сметка на сите доверители кои се странки во постапката.

Согласно чл. 40 од Законот за стечај, (1) Одборот на доверители е должен да ги врши работите за кои е овластен со овој закон, а особено да го следи текот на работењето и да го контролира износот на готовината. За вршењето на одделни работи од својот делокруг одборот на доверители може да овласти одделни свои членови. (2) Во рамките на својот делокруг одборот на доверители особено: 1)ги разгледува извештаите на стечајниот управник за текот на стечајната постапка и за состојбата на стечајната маса; 2)ги прегледува трговските книги и целокупната документација што ја презел стечајниот управник; 3)може да поднесе приговор до стечајниот судија за работата на стечајниот управник; 4) му предлага на стечајниот судија начин на впаричување на имотот на должникот; 5)му предлага на стечајниот судија дали треба да продолжат започнатите работи, односно работата на стечајниот должник и 6)дава мислење на стечајниот судија за признавање на оправданите кусоци во инвентарот.

Согласно чл. 46 ст. 1 од Законот за стечај, Другите собранија на доверители ги свикува стечајниот судија на предлог на: 1)стечајниот управник; 2)одборот на доверители и 3)еден или повеќе стечајни доверители под услов збирот на нивните побарувања да надминува една петтина од износот на побарувањата на сите стечајни доверители. Согласно став 4 од истиот челн, Стечајниот судија ако за тоа постојат со закон определени причини најдоцна во рок од осум дена по одржувањето на собранието на доверители може да донесе решение со кое ќе поништи одлука на собранието на доверители. Против решението на стечајниот судија со кое се поништува одлука на собранието предлагачот од ставот (1) на овој член може да поднесе жалба до апелациониот суд, кој одлучува во рок од 15 дена по приемот на жалбата.

Согласно чл. 82 од Законот за стечај, (1) Стечајниот управник е должен да направи попис на сите предмети и права што претставуваат имот којшто влегува во стечајната маса најдоцна во рок од 15 дена по настанување на правните последици од отворањето на стечајната постапка. Должникот поединец и застапниците по закон на стечајниот должник - правно лице, се должни да соработуваат со стечајниот управник. (2)Во пописот одделно ќе биде наведена и вредноста на секој предмет или право.

Процената на подвижниот и недвижниот имот којшто влегува во стечајната маса ќе ја утврди стечајниот управник со ангажирање на овластен проценувач. Одлуката кој ќе биде ангажиран за овластениот проценувач ја донесува одборот на доверители, а ако не е формиран, одлуката ја донесува стечајниот судија. (3) Проценителот е лично и неограничено одговорен, со сиот свој имот, за точноста на податоците во извештајот за процена и подлежи на кривична одговорност, ако не го применува Кодексот за етиката на овластените проценители и меѓународните стандарди за процена. При изборот на методот на процена овластениот проценувач ќе има предвид дали процената ја врши заради продажба или заради продолжување на деловниот потфат. (4)Овластениот проценувач изработува извештај за проценетата вредност во согласност со меѓународните стандарди за процена. Извештајот за процена содржи опис на проценетиот имот и на методот со којшто е извршена процената на имотот. Кон извештајот се приложува и доказ за сопственост на недвижни, како и на подвижни предмети за коишто со закон е определена обврска за евиденција (регистар). (5)Во случај кога при пописот стечајниот управник пронашол недвижен имот на должникот кој не е запишан во катастарот на недвижности, тој е должен во рок од осум дена по завршувањето на пописот да започне постапка за предбележување на овој имот во посебен регистар во јавните книги. (6)Доколку стечајниот должник е носител на право на градба врз основа на договор за соинвеститорство или заедничка градба склучен пред отворањето на стечајната постапка, а објектот не е изграден, стечајниот управник е должен истиот да го евидентира како имот кој влегува во стечајната маса.

Согласно чл. 85 од Законот за стечај, Стечајниот управник е должен во стечајното досие да ги депонира: пописот со извештајот за процена, почетниот стечаен биланс, списокот на доверители и должници, табелата на утврдени и оспорени побарувања, извештајот за економско-финансиската состојба на стечајниот должник, месечните и други извештаи на стечајниот управник, предлог на план за распределба, завршен извештај и планот за реорганизација, во рок од три дена од нивното изготвување. Содржината и начинот на водењето на стечајното досие ќе ги пропише министерот за економија.

Од понапред наведената хронологија на стечајната постапка во корелација со цитираните законски одредби, се заклучува дека процената на залиха на должникот (стечајна маса) е изработена од овластен проценител Друштво за процена и сметководствени услуги РАЦИО ГРУП ДООЕЛ Куманово избран од одборот на доверители, дека податоците за проценетата вредност на целокупниот имот на должникот од процената се наведени во извештајот за економско финансиска состојба изготвен од стечајниот управник, дека извештајот за економско финансиска состојба и проценката на залихи на должникот и на недвижниот имот биле депонирани во стечајното досие, дека стечајните доверители биле известени со оглас-објава во дневен весник на на огласна табла на судот дека извештајот е депониран во стечајното досие на предметот во Основен суд Велес, дека извештајот е едногласно усвоен на извештајното собрание на доверители со гласовите на доверителите кои се и членови на одборот на доверители и дека нема одлука на одборот за доверители за оспорување на проценката односно дека процената не била оспорена од нарачателот со поднесување на барање за ревизија на процена до Комората во рок од осум дена од денот на приемот на процената, односно во рок не подголг од еден месец од денот на дознавање дека процената била предадена согласно чл. 40 од Законот за процена.

Со оглед да од законската одредба од чл. 40 од Законот за процена произлегува дека оспорување на процената може да се изврши единствено во рок, под услови и на начин предвиден со Законот за процена преку ревизија на веќе изготвена процена и согласно чл.4 ст. 5 од Законот за проценка, процената важи една година сметано од денот на поднесувањето на извештајот за извршена процена, овој суд оцени дека одборот на доверители донел одлука спротивна на закон кога одлучил да ја поништи процената изработена од овластен проценител Друштво за процена РАЦИО ГРУП Дооел Куманово бр 03-144/2 од 04.06.2025 година.

Дополнително, судот цени за потребно да наведе дека не само што одлуката е спротивна на закон, туку со нејзино донесување одборот на доверители излегол надвор од своите надлежности кои јасно и прецизно се наведени во чл. 40 ст. 2 од Законот за стечај и дерогирајќи ги одредбите за ревизија на процена се ставил над законодавецот и

тоа што е предвидено во Законот за процена.

Со својата одлука која е директно спротивна на Законот за процена, одборот постапил спротивно на должноста од чл. 40 ст.1 од Законот за стечај, односно спротивно на должноста да ги врши работите за кои е овластен со закон и на чл. 42 од истиот закон, кој предвидува обврска да членовите на одборот постапуваат со внимание на совесен и чесен трговец.

Постапувањето на членовите на одборот на доверители со чии гласови е донесена предметната одлука, спротивно на закон, надвор од законските надлежности, без почитување на законска процедура со неовластено превземање на надлежностите на Комисијата за ревизија од чл. 39 од Законот за процена, во никој случај неможе да се прифати како постапување со внимание на совесен и чесен трговец.

При одлучувањето судот ги имаше во предвид наводите на членот на одборот на доверители АД ИНСА Индустрија Сатова Београд во однос на забелешките на процената, но како што и понапред е наведено согласно чл. 39 од Законот за процена, таквите наводи може да бидат предмет единствено на оценка при ревизија извршена во објективна и непристрасна постапка од Комисијата за ревизија на процена која се состои од пет члена и нивни заменици од кои претседателот и неговиот заменик го именува Управниот одбор на Комората од редот на своите членови, еден член и негов заменик на Комисијата се избира од членовите на Комората од соодветната област со ждрепка и тројца членови и нивни заменици именува надлежниот министер.

Согласно чл.98 од Законот за стечај, (1)Ако се одлучи за затворање на деловниот потфат и претворање на имотот, имотните права и побарувањата на должникот кои влегуваат во стечајна маса во пари, стечајниот управник во рок од три дена од донесувањето на одлуката објавува оглас, во најмалку еден дневен весник од трите најтиражни весници кои се дистрибуираат на целата територија на Република Македонија, а по потреба и во странски весник, со кој ги повикува заинтересираните купувачи да го разгледаат имотот и да ги информира за начинот на продажбата. Огласот трае најмногу 15 дена. (2) Продажбата на имотот од стечајната маса се врши по пат на електронска продажба со јавно надавање. Право на учество во продажбата имаат учесниците кои ќе уплатат депозит или ќе достават банкарска гаранција во висина од 10% од вредноста на имотот кој е предмет на продажбата. (3) Првата продажба на имотот од стечајната маса се објавува во рок од три дена по завршување на рокот од ставот (1) на овој член. Огласот трае најмногу 15 дена. Во случај на неуспешна продажба истиот се повторува најмногу уште два пати со тоа што целата продажба треба да заврши во рок од 90 дена од денот кога е донесена одлуката за продажба на имотот. (4) Учесниците во електронската продажба имаат право на приговор против одлуката за продажба во рок од три дена од денот на нејзиното објавување. По приговорот одлучува стечајниот судија со решение кое го донесува во рок од три дена од денот на поднесувањето на приговорот. Против ова решение не е дозволено право на жалба. (5) По исклучок од ставот (2) на овој член стечајниот управник, врз основа на решение на стечајниот судија, пред донесување на одлука за впаричување на имотот од стечајна маса, може да врши продажба на имот од стечајна маса со цел да спречи настанување на штета. Стечајниот судија наредниот работен ден по приемот на образложен предлог од стечајниот управник, донесува решение за продажба во кое го определува предметот, начинот и роковите за продажба. (6) Продажбата на акциите кои се дел од стечајната маса врши преку берза согласно со закон и правилата на берзата. Уделите кои се дел од стечајната маса се продаваат согласно со одредбите од Законот за трговските друштва. Ако лицата кои имаат приоритет при купувањето на удел го одбијат купувањето на уделот, тогаш тој се продава на начин предвиден во ставот (2) на овој член. (7) Стечајниот судија, стечајниот управник, полномошниците на странките не можат по која било основа да бидат купувачи на имотот на стечајниот должник, како и нивни роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четвртиот степен, роднина по сватовство до втор степен, или брачен другар на стечајниот судија и на стечајниот управник или нивни полномошници. (8) Начинот на спроведување на постапката на електронска продажба, како и продажбата на имотот дел од стечајната маса за која може да настанат штетни последици го пропишува министерот за економија.

Од понапред наведената хронологија на стечајната постапка, се заклучува дека согласно одлуката донесена на извештајното собрание на доверители и одлуката на одборот на доверители донесена на седницата одржана на ден 07.07.2025 година, од страна на стечајниот управник е објавен оглас за продажба на имот - стечајна маса на должникот кој се состои од подвижни предмети опишани од реден број 1 до реден број 420 во Извештајот за проценка на залихи, дека првата електронска продажба со јавно наддавање се одржала на ден 11.09.2025 година, дека е постигната највисока понуда во износ од 2.063.900,00 денари што преставува 51 % од проценетата вредност, дека немало приговори од учесници во електронската продажба во смисла на чл. 98 ст. 4 од Законот за стечај и дека на одржаната седница на Собранието на доверители на ден 08.10.2025 година, со мнозинство гласови од присутните доверители донесена е одлука дека не се прифати понудата.

Според понапред наведеното се констатира дека целосно се испочитувани одредбите од Законот за стечај за начин и постапка за претварање во пари на имотот од стечајната маса од чл. 98 од Законот за стечај, а Одборот на доверители со донесената одлука за поништување на јавна електронска продажба постапил спротивно на Законот за стечај кој не предвидува постапка, услови и начин за поништување на јавна електронска продажба.

Дополнително, судот цени за потребно да наведе дека не само што одлуката е спротивна на закон, туку со нејзино донесување одборот на доверители излегол надвор од своите надлежности кои јасно и прецизно се наведени во чл. 40 ст. 2 од Законот за стечај и со тоа постапил спротивно на должноста од чл. 40 ст.1 од Законот за стечај, кој предвидува дека одборот е должен да ги врши работите за кои е овластен со закон и на чл. 42 од истиот закон, кој предвидува обврска да членовите на одборот постапуваат со внимание на совесен и чесен трговец.

Од истите причини понапред наведени, а како судот утврди дека одлуката донесена на седница на Одбор на доверители одржана на ден 31.10.2025 година со која се поништува проценката од овластен проценител Друштво за процена РАЦИО ГРУП Дооел Куманово бр 03-144/2 од 04.06.2025 година, се поништува прва јавна електорнска лицитација одржана на ден 11.09.2025 година, следуваше да се одличи на идентичен начин и по однос на делот од одлуката со кој се задолжува доверителот АД ИНСА Индустрија Сатова Београд да ги сноси и авансира сите трошоци потребни за водење на постапка за ангажирање на проценител кој ке изврши проценка на Пакет 1, а во ситуација да биде зголемена вредноста да ги сноси трошоците за дополнително осигурување на зголемената вредност на Пакет бр. 1.

При одлучувањето судот постапи согласно чл. 11, 18, 19 и чл. 46 ст. 4 од Законот за стечај, кој го примени по принцип на правна аналогија.

Така, и Собранието на доверители и одборот на доверители се органи на стечајната постапка, и двата органа имаат ист состав односно членови во одборот на доверители се стечајни доверители кои имаат право да учествуваат и гласаат на собранието на доверители, собранието на доверители како орган на стечајната постапка во кој право на учество имаат сите стечајни доверители со утврдени побарувања е најголем формат на претставување на стечајните доверители (100 %), додека пак одборот на доверители е орган кој согласно чл. 39 ст. 4 од Законот за стечај може да има најмногу пет члена.

Соодветно на тоа да во чл. 46 ст. 4 од Законот за стечај е предвидено право на стечајниот судија да донесе одлука за поништување на одлука на Собрание на доверители како орган во кој учествуваат сите стечајни доверители со утврдени побарувања, судот заклучи дека и одлуките на одборот на доверители може и треба да бидат предмет на оценка на законитоста односно дека стечајниот судија има исто такво право и во однос на одлуките донесени од одбор на доверители.

Во прилог на ваквиот заклучок на судот оди и фактот што во конкретната стечајна постапка, вкупниот збир на утврдени побарувања на доверителите кои се членови во одборот на доверители изнесува 27.17 % од вкупно утврдените побарувања и особено фактот што и покрај укажувањето на стечајниот судија присутен на седницата на одборот на доверители кој го покрена прашањето за надлежност на одборот на доверители да ја донесе предметната одлука, членовите на одборот на доверители кои гласаа за

донесување на одлуката не го прифатија ваквото укажување и се изјаснија дека имаат таква надлежност, а судот да ја цени законитоста на одлуката.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС СТ.бр.17/24 од 03.11.2025 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволено е право на жалба во рок од 8 дена од приемот односно од објавување на огласна табла на судот преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

ДН. - стечаен управник Маринко Саздовски од Скопје
- членови на одбор на доверители – преку полномошници
- огласна табла и веб сајт на судот
- ЦР на РСМ -е-стечај.